Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 250/0306
05.10 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19-ти септември 2022 година, врз основа на примена жалба од Здружение за заштита на животни „Анима Мунди“, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Прилогот на телевизија „Стар“, насловен „Глутница кучиња во населба 8-ми Ноември во Штип“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 2-ри септември 2022 година, Здружението за заштита на животни „Анима Мунди“, поднесе жалба за прилогот со наслов „Глутница кучиња во населба 8-ми Ноември во Штип“, објавен на 1-ви септември 2022 година на телевизија „Стар“ (www.televizijastar.com).

Во жалбата се наведува дека оспорениот прилог содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, односно дека во содржината се прекршени членовите 1 и 10 од Кодексот на новинарите.

Подносителот на жалбата „Анима Мунди“ нагласува дека претставката до Советот за етика ја поднесуваат поради како што велат, неколкугодишно ширење на говор на омраза и непотребно ширење страв и паника кај граѓаните на Штип од страна на телевизија „Стар“. Здружението во жалбата приложи линкови од три оспорени прилози на телевизијата, објавени во периодот од јули 2019-та до септември 2022-ра година, но поради тоа што Комисијата за жалби, согласно Деловникот за работа, постапува и разгледува жалби поднесени најдоцна 30 дена од објавувањето на оспорениот новинарски текст/прилог, во случајов, предвид ја зеде само последната обжалена содржина, насловена „Глутница кучиња во населба 8-ми Ноември во Штип“.

Во однос на овој прилог, од „Анима Мунди“ велат дека медиумот имал тенденција неколку кучиња во населба во Штип да ги прикаже како агресивни и опасни за околината, иако во суштина, кучињата покажувале знаци на мироѓубивост и радост кон децата. Здружението смета дека на начинот на кој бил обработен прилогот, ТВ Стар неосновано ширел страв, паника и омраза кај Штипјани и дека нивните текстови биле закана за безбедноста на бездомните животни и оти охрабрувале насилство и убиство на овие животни.

*„Дополнително, едностраното обработување на вака сензитивна тема е дополнителен проблем, посебно кога втората страна се животни, кои немаат можност да зборуваат во сопствено име. Имено, оваа телевизија во ниту еден прилог кој го создала и пуштила во етер, а поврзан со оваа проблематика, никогаш не побарала изјави од активисти и здруженија за заштита на животни, кои би можеле да дадат друго и поразлично видување за дадената ситуација или проблем кој се третира*“, се вели во поднесената претставка на „Анима Мунди“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија „Стар“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Управителот на медиумот, Симеон Марјанов одговори на наводите на жалителот.

Марјанов вели дека ја разбираат загриженоста на „Анима Мунди“ за третманот на животните и кучињата скитници и сметаат дека реакцијата на Здружението била емотивна и рефлексна.

*„Сепак треба да се прави разлика помеѓу професионалниот личен став кое ние го правиме во име на нашите гледачи и оштетени граѓани, а за кои потенцијалната штета низ судски постапки во случајов ја плаќа Општина Штип. Со ова општините се ”Втората страна’’, бидејќи тие се надлежни за третманот на овие кучиња.“,* наведува управителот на ТВ Стар во одговорот на жалбата.

Од Телевизијата, меѓудругото, потенцираат дека се подготвени за соработка со Здружението, со што, искажуваат подготвеност и ги ставаат на располагање и достапност сите нивни програмски содржини, сѐ со цел, искажување на став и реакција од страна на Здружението за заштита на животни „Анима Мунди“.

Во оваа насока, Марјанов нагласува дека како медиум, се согласува да се отпочне процес на медијација, односно помирување помеѓу страните, кој го иницира Советот за етика кога за тоа има подготвеност кај една од страните.

Сепак, во комуникацијата со жалителот „Анима Мунди“, од Здружението посочија дека не сакаат да учествуваат во процесот и побараа Советот за етика да постапува по жалбата и да донесе мислење за оспорениот прилог.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови оцени дека во текстот се прекршени членовите 1 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:** „Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 8:** „Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми“.*

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека Телевизија „Стар“ не е член на Советот за етика во медиумите.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

На седницата на 19-ти септември 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, се согласи дека текстот произлегова од јавниот интерес, зашто темите поврзани со третирањето на бездомните животни се долгогодишен и хроничен проблем во државата. Се работи за комплексно и сензитивно прашање, за кое во општеството генерално има различна перцепција и поделени ставови и затоа, на темата треба да ѝ се приоѓа со особено внимание и со сеопфатен пристап.

По долга дебата, мнозинството од членовите на Комисијата за жалби оценија дека токму во обжалениот прилог на Телевизија „Стар“ недостига посеопфатен пристап и согледување на повеќе значајни аспекти на темата.

Содржината е еднострана и не нуди целосно објективна слика за проблемот со бездомните кучиња во Штип. Реалната опасност од овие животни за луѓето, претставена во прилогот, е пренагласена и предимензионирана, а таквиот новинарски приод може да поттикне негативни дејства врз животните.

Авторот сторијата ја базира на изјави на тројца очевидци, кои „алармираат“ за наводен инцидент кои го предизвикале кучињата, како и на став на Општината дека ќе го решат проблемот со заловување на животните. И наспроти трите „сведоштва“, кај повеќето членови на Комисијата надвладеа мислењето дека новинарот, сепак, не успеал да го докаже тврдењето дека „жителите од штипската населба 8-ми Ноември повторно се во ризик од кучиња – скитници“. Во прилог на ваквото мислење одат и видео инсертите на медиумот, на кои може да се види дека кучињата делуваат миротубиво и без знаци за евентуална агресија.

Без да навлегува во проценка на евентуална тенденциозност кај авторот, Комисијата смета дека прилогот е нецелосен и не е добро обработен. Медиумот, во случајов, само го лоцира проблемот, но не се потрудил да даде одговори од каде извира и како тој може да се реши. Новинарот ќе дал многу појасна слика ако консултирал и побарал став од здружение или познавач на проблематиката со бездомните животни или на пример, обезбедил одговор на прашањата, кои недвосмислено се наметнуваат од самата содржина: „Колку граѓани годишно се каснати од кучиња во Општина Штип и колку од нив се деца? Колку пари на име на отштета плаќа Општината на годишно ниво? Дали Општината планира да преземе посериозни мерки, наместо да реагира инцидентно и по потреба?“...

Според горенаведеното, мнозинството членови на Комисијата констатираа дека во прилогот е прекршен **член 1** од Кодексот на новинари, во делот дека новинарот треба да објавува точни и проверени информации, а дека точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилноста и професионалноста на прилогот. Во овој контекст, мнозинството од членовите на Комисијата, препознаа и елементи на сензационализам, особено во делот на сведоштвата на граѓаните. Тоа е спротивно и на **член 8** од Кодексот на новинарите, во делот дека начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.

Иако во начелата на овој член, животните не се експлицитно наведени, став на Комисијата е дека сензационализмот, како феномен, има многу поширок обем и дека од етички аспект треба да се избегнува без разлика за која тема станува збор. Сензационалистичкото известување, освен што носи гледаност или читаност, носи и опасност од искривување на вистината и точноста на информациите.

*** * ***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595